Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 254/0306
23.11 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавната седница одржана на 27.10.2023 година, врз основа на примена жалба од „Кумановски муабети“ го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

**Веб порталот Скопје Инфо (www.skopjeinfo.mk) со текстот насловен „Хероите живеат вечно“ - Загинатите од „Диво Насеље“ добија огромен мурал во Куманово “ отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 13 септември 2023 година, веб-порталот Кумановски муабети поднесе жалба за текст со наслов „Хероите живеат вечно“ - Загинатите од „Диво Насеље“ добија огромен мурал во Куманово “, објавен на истиот датум, 13 септември 2023 на веб-порталот Скопје Инфо (www.skopjeinfo.mk).

Во жалбата, жалителот реагира на прекршени авторски права, односно плагијат, односно дека е преземен авторски текст, вклучително и фотографија, без да се цитира изворот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со веб-порталот „Скопје Инфо“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е ОСНОВАНА и едногласно одлучи дека во текстот е **прекршен членот 12 од Кодексот на новинарите на Македонија**.

Членовите на Комисијата за жалби утврдија дека е прекршен членот 12 од Кодексот, според кој **„плагијаторството е неприфатливо“**, односно дека **„доколку информацијата е преземена или парафразирана од друг медиум, авторско дело или истражување, изворот мора да биде наведен, во спротивно, станува збор за плагијатор, а не за новинар“.**

*При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „Скопје Инфо“ не е член на Советот за етика во медиумите и на Регистарот на професионални онлајн медиуми.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО**

На јавната седница на 27 октомври 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека станува збор за објавена вест на веб-порталот Кумановски муабети со наслов „Хероите од Куманово добија огромен мурал во Куманово“, во кој се тврди дека полициските припадници кои биле дел од антитерористичката акција во кумановската населба Диво Насеље добиле огромен мурал во центарот на Куманово. Во веста се содржани изјави од здружението „Форма“ – автори на живописниот мурал и претставена е историјата на настанот, дека на 9 и 10 мај 2015 година во терористички напад во Диво Насеље загинале осум припадници на единицата „Тигар“ и Единицата за брзо распоредување, додека 37 биле повредени. Текстот содржи и фотографии од муралот со логото на веб-порталот Кумановски муабети. Веста е потпишана од автор.

Комисијата изврши увид и во оспорената содржина објавена на веб-порталот „Скопје Инфо“, од каде што очигледно е дека веста е преземена, бидејќи станува збор за употреба на истите реченици (од кои дел се изоставени), а воедно преземена е и фотографијата, но истата е изменета за да не се гледа логото на авторот. Според подоцнежниот увид на Комисијата, дополнително, на веб-порталот Скопје Инфо додадено е дека фотографијата е преземена од веб-порталот Кумановски муабети, но тоа не направи разлика во однос на веќе донесената одлука.

Во условите за преземање содржини на веб-страницата на Кумановски муабети јасно е назначено дека „дозволено е да се преземат најмногу 25 проценти од содржината на текстот, а на крајот од преземениот текст, треба да се објави реченицата – „целиот текст прочитајте го ТУКА, а со зборот „ТУКА“ да се поврзе линк до оригиналниот текст на Кумановски муабети“. Понатаму, во условите е наведено дека „преземање авторски фотографии е дозволено само со усмен или писмен договор со порталот Кумановски муабети“.

Комисијата се согласи дека наведениот портал кој ја презел веста се обидел „да се сокрие“ со тоа што ја објавил основата на веста, а не ја презел целосно. Сите членови беа едногласни дека плагијаторството не е прифатливо. Ова дотолку повеќе што станува збор за вест од локален карактер што ја има објавено медиум кој објавува вести од Куманово, што значи дека медиумот при копирање требало да го има предвид и овој факт. Ова, според комисијата, значи дека медиумите треба да бидат внимателни при преземање вести кои се специфични, односно не се соопштенија на институции или изјави на политичари или вести од светот, во кој прагот за копирање е помал, особено кога се работи за вести од јавен интерес, иако, во секој случај, нема оправдување за плагијаторството.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Димитар Мицев и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595